Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-503/3

Датум: 18.05.2020

ДО

Република Северна Македонија

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитувана г-ѓа

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со: сите договори за јавни набавки, тендерски документации, пристигнати понуди за тендери, донесени одлуки за избор на најповолен понудувач и потпишани договори за јавните набавки кои се склучени во периодот од 03.01.2020 до 15.05.2020 година.

Истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-503/1 од 15.05.2020 година, кое Ви е доставено во прилог на овој Одговор.

Во тој контекст Ве известуваме дека:

-во периодот од 03.01.2020 до 15.05.2020 година, Инспекцискиот совет **нема реализирано ниту една постапка за јавна набавка.**

Со оглед на наведеното, во Инспекцискиот совет не постои документација (договори за јавни набавки, тендерски документации, пристигнати понуди за тендери, донесени одлуки за избор на најповолен понудувач и потпишани договори за јавните набавки), што по пошта и на е-адреса би Ви ги гоставиле во фотокопија и во форма на електронски запис, како што е наведено во Вашето Барање.

Искрено,

Даниела Рендевска

Генерален секретар

Подготвил: Елизабета Кучера, советник

Контролирал: Маја Срезоска, раководител на Одделение

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр./Nr. 03-503/2
18.05.2020 год./viti.
Скопје - Shkup

Врз основа начлен 20, став 1 од Законот заслободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено до Инспекцискиот совет од Александра Денковска Гоцевска, бр. 03-503/1 од 15.05.2020 година.

2. Се задолжуваат определените службени лица за посредување во остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Инспекцискиот совет, во законски пропишаниот рок да одговорат на Барањето наведено во точка 1 од ова решение и истиот да го достават до барателот, во прилог на ова решение.

3. Ова Решение влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На 15.05.2020 година од страна на Александра Денковска Гоцевска до Инспекцискиот совет беше доставено Барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-503/1, со коешто барателот од Инспекцискиот совет бара по пошта и на е-адреса да му бидат доставени во фотокопија и во форма на електронски запис, сите договори за јавни набавки, тендерски документации, пристигнати понуди за тендери, донесени одлуки за избор на најповолен понудувач и потпишани договори за јавните набавки кои се склучени во периодот од 03.01.2020 до 15.05.2020 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Доставено во оригинал до:
- барателот на информацијата со прилог одговор;
- архивата на Инспекцискиот совет